Врз основа на член 15 став (4) од Законот за учебници за основното и средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), министерката за образование и наука, донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА
# за вреднување на учебници

## СОДРЖИНА

**Вовед** 2

**Насоки за вреднување на учебниците според стандардите и индикаторите за секое подрачје одделно**

1. Усогласеност со наставната програма 5
2. Избор и приказ на содржините 6
3. Поврзаност со учењето и поучувањето 10
4. Јазик и стил 12
5. Дизајн 13

**Обрасци за вреднување на учебникот**

1. Образец за индивидуално вреднување на учебникот 15
2. Образец за финално вреднување на учебникот 17
3. Образец за индивидуално вреднување на учебник по странски јазик
4. Образец за финално вреднување на  учебник по странски јазик

**ВОВЕД**

Методологијата за вреднување ракописи на учебници[1] ги опфаќа сите подрачја наведени во Концепцијата за учебник и сите стандарди во рамките на одделните подрачја. Исклучок се следните два стандарда: 4.2. *Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан* и 5.3. *Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди и го прави учебникот привлечен за учениците.* За нивно остварување е неопходно да биде ангажиран професионален лектор (за 4.2.), односно графички дизајнер (за 5.3.).

Методологијата за вреднување ракописи на учебници (во натамошниот текст: Методологијата) е наменета, пред сè, за рецензентите од коишто се очекува да го спроведуваат вреднувањето на учебниците според наведените индикатори во рамки на секој стандард. Дополнително, Методологијата може да им служи и на потенцијалните автори на учебниците, кои преку стандардите и индикаторите од сите подрачја добиваат конкретни насоки за тоа што треба да имаат во вид кога ќе го пишуваат учебникот, како и детални информации за начинот на кој ќе се проценува колку се задоволени поставените стандарди.

Вреднувањето на учебниците се прави врз основа на конкретните индикатори кои се наведени во Методологијата за секој стандард посебно. При тоа, за некои стандарди е понуден по еден индикатор, но за повеќето се среќаваат и по два и повеќе индикатори.

Повеќето индикатори се вреднуваат на скала од 1 до 4. За овие индикатори во Методологијата се експлицитно дефинирани две категории: 4 поени (идеална состојба) и 2 поени (нешто повеќе од сосема неприфатлива состојба). Преостанатите две категории (3 поени и 1 поен) се имплицитно дефинирани: категоријата 3 поени означува дека состојбата на индикаторот е меѓу дефинираните 2 и 4 поени, а категоријата 1 поен означува дека состојбата на индикаторот е под дефинираниот минимум за 2 поени.

Во Методологијата се среќаваат и индикатори кои се проценуваат само во однос на тоа дали задоволуваат или не. Овие индикатори не ги содржат категориите 3 поени и 2 поени затоа што се смета дека категоријата 4 поени ја означува единствената задоволителна состојба (неопходниот минимум), додека категоријата 1 поен укажува на незадоволителна состојба (под неопходниот минимум). Тука спаѓаат сите индикатори од првото подрачје *Усогласеност со наставната програма*.

На принципот 1 или 4 поени се проценуваат и стандардите од второто подрачје *Избор и приказ на содржините* кои се однесуваат само за таканаречените релевантни учебници, односно за, учебниците кои нудат можност преку наставните содржини на кои се однесуваат или преку другите содржини што ги користат (како на пример, дополнителни информации, описи на ситуации, илустрации, имиња и сл.) да промовираат еднаквост и почитување на

[1] Во натамошниот текст за поимот ракопис за учебник ќе се користи поимот учебници

различности по сите основи (стандард 2.5.) и/или да го одразуваат мултиетничниот состав на државата, да промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и да ја поддржуваат меѓуетничката интеграција (стандард 2.6.). Бирото за развој на образованието односно, Центарот за развој на стручното образование и обука определува кој учебник (од која предмет/област) треба да се смета за релевантен и кои стандарди и индикатори треба да се проценуваат кога се вреднува тој учебник.

При користењето на Методологијата треба да се има предвид дека секое подрачје се вреднува посебно и независно од другите. Тоа значи дека за секое продрачје се пресметува посебна просечна оценка која се изведува од поените на секој член на рецензентската комисија дадени за сите индикатори вклучени во подрачјето. Учебникот се предлага за одобрување доколку просечната оценка за секое подрачје изнесува 4,00 (сосема ги задоволува барањата). Во Образецот за индивидуално вреднување и Образецот за финално вреднување (дадени во Прилог бр.1 како составен дел на Методологијата ) што се наменети за членовите на рецензентската комисија, се дадени подетални насоки за вреднување на подрачјата и на учебникот во целина.

Кога проценката на индикаторите се прави на скала од 1-4, а учебникот за едно или повеќе подрачја има добиено просечни оценки пониски од 4,00 (но не пониски од 3,00), се очекува авторите да преземат мерки на подобрување по однос на индикаторите што се првично проценети со оценка пониска од 4. По потврдата од рецензентите дека просечната оценка за секое одделно подрачје достигнала 4,00 (односно дека секој индикатор достигнал оценка 4), учебникот може да биде предложен за одобрување.

Учебниците по странски јазици се вреднуваат само од аспект на исполнетост на индикатори од првото, второто и третото подрачје и тоа: Усогласеност со наставната програма, Избор и приказ на содржините и Поврзаност со учењето и поучувањето бидејќи, согласно Законот за учебници за основно и средно образование во овој случај се вреднува готов учебник, а не ракопис за учебник како за другите наставни предмети. Вреднувањето за сите подрачја од учебник по странски јазик се врши со 1 поен или со 4 поени, односно се вреднува дали учебникот ги исполнува или не ги исполнува критериумите.

Можноста за враќање на учебникот за подобрување, односно корегирање не се применува за вреднување на учебник по странски јазик.

Во Образецот за индивидуално вреднување на учебник по странски јазик и Образецот за финално вреднување на учебник по странски јазик (дадени во Прилог бр.2 како составен дел на Методологијата) наменети за членовите на комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, се дадени подетални насоки за вреднување на подрачјата и на учебникот по странски јазик.

# НАСОКИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ СПОРЕД СТАНДАРДИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ, ЗА СЕКОЕ ПОДРАЧЈЕ ОДДЕЛНО

| 1. | УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ***4 поени*** | ***1 поен*** |
| 1.1. | Учебникот ги содржи темите/подрачјата/ модуларните единици предвидени со наставната програма. | 1.1.1 | Учебникот ги содржи сите теми/подрачја/ модуларни единици предвидени со наставната програма. | Учебникот не ги содржи сите теми/подрачја/ модуларни единици предвидени со наставната програма. |
| | | 1.1.2 | Процентуалното учеството на секоја тема/подрачје/модуларна единица во вкупните содржини во учебникот во целост соодветствува на процентот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема/подрачје/ модуларна единица во рамки на вкупниот фонд на часови предвиден за реализација на наставната програма, а за стручното образование учеството на секое подрачје/модуларна единица во вкупните содржини во учебникот по обем соодветствува на предвидените содржини за реализација на секое конкретно подрачје/ модуларна единица. . | Процентуалното учеството на секоја тема/подрачје/модуларна единица во вкупните содржини во учебникот не соодветствува во целост на процентот на часови предвидени за реализација на секоја конкретна тема/подрачје/ модуларна единица во рамки на вкупниот фонд на часови предвиден за реализација на наставната програма, а за стручното образование учеството на секое подрачје/модуларна единица во вкупните содржини во учебникот по обем соодветствува на предвидените содржини за реализација на секое конкретно подрачје/ модуларна единица.. |
| 1.2. | Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултати од учењето. | 1.2.1 | Сите содржини во учебникот придонесуваат за постигнување на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма. | Во учебникот се застапени содржини кои не можат да се поврзат со конкретна цел/резултат од учењето предвидена со наставната програма. |
| | | 1.2.2 | Сите понудени активности за учениците се во функција на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма. | Учебникот содржи активности за учениците кои не се во функција на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма. |
| 1.3. | Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | 1.3.1 | Во учебникот се разработени сите поими предвидени со наставната програма. | Во учебникот не се разработени сите поими предвидени со наставната програма. |

За подрачјето 1. **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА:**

- Учебникот сосема ги задоволува барањата доколку просечната оценка изнесува **4,00**.
- Учебникот воопшто не ги задоволува барањата (и не треба да се земе предвид) доколку просечната оценка е пониска од **4,00.**

| 2. | ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **4 поени** | **3 поени** | **2 поени** | **1 поен** |
| 2.1. | Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | 2.1.1 | Сите содржини и активности се организирани во лекции (помали целини) и секоја лекција има соодветен наслов. Лекциите, чии содржини се групирани во помали целини, имаат и поднаслови. | | Содржините и активностите се организирани во лекции (помали целини), но има лекции (најмногу 30%) кои не се соодветно насловени. Во 50-75% од лекциите чии содржини треба да бидат групирани во помали целини, тоа не е сторено или е направено групирање кое не соодветствува на поднасловите. | |
| | | 2.1.2 | Сите лекции ги содржат следните елементи: основен текст, дополнителен текст[2], илустрации и активности за учениците.[3] | | Само 75% од лекциите ги содржат сите елементи: основен текст, дополнителен текст, илустрации и активности за учениците. | |
| 2.2. | Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | 2.2.1 | Сите содржини се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Сите содржини што се преземени од други извори, се соодветно означени и изворите се наведени[4]. | | Околу 10% од содржините не се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Околу 20% од содржините што се преземени од други извори, не се соодветно означени и/или нивните извори не се наведени. | |

[2] Дополнителните текстови не се задолжителен елемент на секоја лекција. Нивната намена е подетално опишана во Концепцијата за учебник.

[3] Исклучок се лекциите коишто се фокусирани на развивање вештини кај учениците, без да нудат нови знаења. Такви се, на пример, лекциите по јазик (мајчин јазик) чија основна намена е да овозможат да се вежба читање. Во овие лекции, текстот го нема значењето што го има основниот и/или дополнителниот текст во другите лекции, а илустрациите не се неопходни.

[4] Индикаторот *Сите содржини што се преземени од други извори, се соодветно означени и изворите се наведени* се однесува само за учебници во кои укажувањето на научната заснованост и релевантност на сознанијата се прави преку посочување на други извори. За соодветноста на означувањето се суди врз основа на возраста за која е наменет учебникот.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.2.2 | Сите дефиниции и податоци се точни. | | Во презентираните податоци може да се сретнат ретки, но несуштински материјални грешки. Во 5-10% од дефинициите се забележуваат грешки (или се непотполни, или се само делумно точни). | |
| 2.3. | Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | 2.3.1 | Сите вклучени примери и илустрации се јасно поврзани со основниот текст во лекцијата. | | 10-20% од вклучените примери и/или илустрации се непотребни затоа што не се јасно поврзани со основниот текст. | |
| | | 2.3.2 | Во сите лекции, соодносот помеѓу текстот и илустрациите соодветствува на возраста на учениците. | | Во 10-20% од лекциите, соодносот помеѓу текстот и илустрациите не соодветствува на возраста на учениците. | |
| | | 2.3.3 | Сите примери и илустрации се интересни и мотивирачки за учениците и се во релација со нивните искуства. | | 10-20% од вклучените примери и илустрации не се интересни за учениците и не се во релација со нивните искуства. | |
| 2.4. | Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | 2.4.1 | Обемот и сложеноста на содржините соодветствува на барањата на наставната програма. | | Содржините во 10-20% од лекциите се преобемни и/или пресложени од она што се бара со наставната програма. | |
| | | 2.4.2 | Обемот и сложеноста на содржините соодветствува на нивото на когнитивниот развој на учениците. | | 10-20% од лекциите се претерано опширни и/или недоволно разбирливи за учениците на соодветната возраст. | |

| Само за **РЕЛЕВАТНИТЕ УЧЕБНИЦИ** – учебниците кои, според БРО или ЦСОО, нудат соодветна можност преку наставните содржини на кои се однесуваат или преку другите содржини што ги користат (како на пример, дополнителни информации, описи на ситуации, илустрации, имиња и сл.) да ги вклучат и следните стандарди/индикатори: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ***4 поени*** | ***1 поен*** |
| 2.5. | Учебникот не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | 2.5.1 | Учебникот не содржи стереотипи за различни социјални групи и не поттикнува предрасуди (врз основа на пол, родов идентитет, сексуална ориентација, етничка и религиска припадност и припадност на ранлива или маргинализирана група)[5]. | Во учебникот се среќаваат стеротипи и/или предрасуди (експлицитно или имплицитно наведени) за припадници на некоја ранлива или маргинализирана група. |
| | | 2.5.2 | Во учебникот се искористени сите можности преку содржините (текстовите и/или илустрациите), во позитивно светло да се претставаат лица на различна возраст, со различни видови попреченост и со различен социјален статус. | Во учебникот не се доволно искористени сите можности за позитивно претставување на лица на различна возраст, со различни видови попреченост и со различен социјален статус. |
| | | 2.5.3 | Во содржините (текстовите и илустрациите), припадниците на машкиот и женскиот род се подеднакво застапени и еднакво третирани во сите контексти (во приватниот, семејниот, професионалниот и општествениот живот). | Во 20-30% од содржините, припадниците на машкиот и женскиот род не се подеднакво застапени и/или не се еднакво третирани во сите контексти. |
| | | 2.5.4 | При прикажување на ликови од историјата и/или автори кои придонеле за културниот и научниот развој, секогаш се наведуваат и жени. | При прикажување на ликови од историјата и/или автори кои придонеле за културниот и научниот развој, не се наведуваат жени. |

[5] Доколку учебникот содржи литературни текстови (кога е наменет за мајчин јазик) или оргинални историски записи (кога е наменет за историја или друго), задолжително е во активностите за учениците да има такви што придонесуваат да се идентификуваат присутните стереотипи/предрасуди и да се разбере контекстот, со цел да се оневозможи промоција на присутните стереотипи/предрасуди.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.6. | Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | 2.6.1 | Во учебникот се искористени сите можности, преку содржините (текстовите и/или илустрациите) и активностите да се претставаат во позитивно светло различните етнички заедници во државата. | Во учебникот се препознава етноцентричен пристап – се нагласуваат карактеристиките на една етничка заедница или на позастапените етнички заедници во државата. |
| | | 2.6.2 | Во учебникот се искористени сите можности, преку содржините (текстовите и/или илустрациите) и активностите да се укаже на заедничките елементи во историјата и современото живеење и на сличностите меѓу културите на различните етнички заедници во државата. | Во учебникот преовладува паралелно прикажување на историјата и современото живеење на етничките заедници и/или се нагласени главно разликите меѓу културите на етничките заедници. |

За подрачјето 2. **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ**:

- За релевантниот учебник се добиваат две просечни оценки – една изведена со проценка на индикаторите за стандардите 2.1.–2.4., а друга со проценка на индикаторите за релевантните дополнителни стандарди (само 2.5., само 2.6. или двата). Релевантниот учебник сосема ги задоволува барањата доколку двете просечни оценки изнесуваат **4,00**, а делумно ги задоволува барањата (и треба да се доработи) доколку првата просечна оценка (за 2.1.–2.4.) изнесува минимум **3,00**, а втората (за 2.5. и 2.6.) изнесува **4.00**. Релевантниот учебник не ги задоволува барањата доколку првата просечна оценка е пониска од 3,00 и/или втората просечна оценка е пониска од 4,00.
- За учебникот кој не спаѓа во групата на релевантни се добива една просечна оценка, која се изведува со проценка на индикаторите за стандардите 2.1.–2.4. Учебникот сосема ги задоволува барањата доколку просечната оценка изнесува **4,00**, а делумно ги задоволува барањата (и треба да се доработи) доколку просечната оценка изнесува минимум **3,00**.

За учебниците по странски јазик не се релевантни индикаторите од стандардот 2.6. Исто така, за учебниците по странски јазик не се дава можност за доработка, а со тоа и можност за делумно исполнување на условите. Вреднувањето на ова подрачје е исто како за првото подрачје и тоа:

- Учебникот сосема ги задоволува барањата доколку просечната оценка изнесува 4,00.
- Учебникот воопшто не ги задоволува барањата (и не треба да се земе предвид) доколку просечната оценка е пониска од 4,00.

| 3. | ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***4 поени*** | ***3 поени*** | ***2 поени*** | ***1 поен*** |
| 3.1. | Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | 3.1.1 | Во прегледот на содржината на учебникот се наведени сите теми/модуларни единици и лекции покриени со учебникот. Доколку во учебникот се вклучени и други делови (надвор од темите), и тие се наведени во содржината. | | Во прегледот на содржината на учебникот се наведени сите теми/модуларни единици и лекции покриени со учебникот, но недостасуваат другите делови (надвор од темите) кои се вклучени во учебникот. | |
| | | 3.1.2 | Секоја лекција содржи наслови и поднаслови и/или други начини на истакнување на нејзините делови, кои заеднички ја претставуваат структурата на лекцијата (нацрт/план на лекцијата). | | Во 10-20% од лекциите недостасуваат поднаслови и/или други начини на истакнување на деловите на лекцијата. | |
| 3.2. | Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | 3.2.1 | Сите непознати зборови се јасно објаснети. Сите клучни поими предвидени со наставната програма се јасно истакнати и објаснети. | | Во учебникот се среќаваат 10-20 % непознати зборови кои не се објаснети (или не се соодветно објаснети). 10-20% од клучните поими не се јасно истакнати и објаснети. | |
| | | 3.2.2 | Сите понудени активности за учениците можат да се реализираат самостојно, во група и/или со поддршка на друг. | | 10-20% од понудените активности, учениците не можат да ги реализираат затоа што нема соодветни услови за тоа и/или затоа што бараат суштинско учество на возрасен или на постаро дете. | |
| | | 3.2.3 | Сите понудени активности за учениците се логично поврзани со содржините и јасно се формулирани. | | 10-20% од понудени активностите за учениците не се логично поврзани со содржините и/или не се јасно формулирани. | |
| | | 3.2.4 | Сите лекции содржат активности кои ги поттикнуваат учениците да ги поврзуваат поимите/ информациите и самостојно да извлекуваат заклучоци. | | 10-20% од лекциите не содржат активности кои ги поттикнуваат учениците да ги поврзуваат поимите/информациите и само-стојно да извлекуваат заклучоци. | |
| | | 3.2.5 | Сите лекции содржат илустрации | | 10-20% од лекциите содржат | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (текстуални примери, слики, графици, шеми, табели и сл.) кои служат за да го олеснат запомнувањето и/или разбирањето на содржините. | | илустрации кои не служат за да го олеснат запомнувањето и/или разбирањето на содржините. | |
| | | 3.2.6 | Сите лекции содржат прашања што им помагаат на учениците да утврдат колку ги совладале наставните содржини/цели. Во прашањата се содржани и насоки за барање на одговорите. | | Сите лекции содржат прашања што им помагаат на учениците да утврдат колку ги совладале наставните содржини/цели. Во прашањата не се содржани и насоки за барање на одговорите. | |
| 3.3. | Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | 3.3.1 | Сите лекции содржат активности за учениците со различно ниво на сложеност. Сите лекции содржат активности кои поттикнуваат на примена на знаењата или на критичко и/или креативно мислење. | | Сите лекции содржат активности за учениците со различно ниво на тежина. 10-20% од лекциите не содржат активности кои поттикнуваат на примена на знаењата или на критичко и/креативно мислење. | |
| | | 3.3.2 | Најмалку 90% од лекциите содржат примери, илустрации и/или активности кои ги поврзуваат содржините со секојдневниот живот и/или им овозможуваат на учениците самите да го направат поврзувањето. | | 10-20% од лекциите содржат примери, илустрации и/или активности кои не ги поврзуваат содржините со секојдневниот живот и/или не им овозможуваат на учениците самите да го направат поврзувањето. | |

За подрачјето 3. **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО**:

- Учебникот <u>сосема ги задоволува барањата</u> доколку просечната оценка изнесува **4,00**.
- Учебникот <u>делумно ги задоволува барањата</u> (и треба да се доработи) доколку просечната оценка изнесува минимум **3,00.**

За учебниците по странски не се дава можност за доработка, а со тоа и можност за делумно исполнување на условите. Вреднувањето на ова подрачје е исто како за првото подрачје и тоа:

- Учебникот сосема ги задоволува барањата доколку просечната оценка изнесува 4,00.
- Учебникот воопшто не ги задоволува барањата (и не треба да се земе предвид) доколку просечната оценка е пониска од 4,00.

| **4.** | **ЈАЗИК И СТИЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***4 поени*** | ***3 поени*** | ***2 поени*** | ***1 поен*** |
| 4.1. | Јазикот и стилот на кој е | 4.1.1 | Во сите лекции, основниот текст е поделен во пасуси. Секој пасус е | | Во сите лекции, основниот текст е поделен во пасуси. Во 10-20% од | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | | организиран околу една носечка идеја. | | лекциите се среќаваат пасуси кои не се организиран околу една носечка идеја (или недостасува носечка идеја или се вклучени повеќе носечки идеи). | |
| | | 4.1.2 | Целиот текст во учебникот е пишуван со истиот стил. | | 10-20% од лекциите се стилски невоедначени со останатите лекции од учебникот и/или во 10-20% од лекциите е користен невоедначен стил во основниот текст. | |
| | | 4.1.3 | Должината и конструкцијата на речениците во целиот текст на учебникот одговара на возраста на учениците. | | Во 10-20% од текстот се среќаваат реченици кои според својата должина и/или конструкција се пресложени за возраста на учениците. | |
| 4.2 | Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | 4.2.1 | Учебникот е лекториран од страна на лиценциран лектор на јазикот на којшто е напишан. | | Учебникот не е лекториран, но не содржи воочливи јазични и правописни грешки. | |

За подрачјето 4. **ЈАЗИК И СТИЛ**:

- Учебникот <u>сосема ги задоволува барањата</u> доколку просечната оценка изнесува **4,00**.
- Учебникот <u>делумно ги задоволува барањата</u> (и треба да се доработи) доколку просечната оценка изнесува минимум **3,00**.

| **5.** | **ДИЗАЈН** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***4 поени*** | ***3 поени*** | ***2 поени*** | ***1 поен*** |
| 5.1. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | 5.1.1 | Варијациите во фонтовите и/или боите го олеснуваат увидот во структурата на учебникот на тој начин што се соодветно избрани и доследно применети во целиот учебник. | | Варијациите во фонтовите и/или боите се доследно применети во целиот учебник, но не се соодветно избрани. | |
| 5.2. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и | 5.2.1 | Во сите лекции доследно се користат соодветни графички елементи (пр., варијации во фонтовите и/или боите, симболи за означување, | | Во сите лекции доследно се користат графички елементи кои го олеснуваат увидот во структурата на лекциите, но тие не се соодветно | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | содржината на лекциите. | | рамки за текстови) кои го олеснуваат увидот во структурата и содржината на лекциите. | | избрани. | |
| | | 5.2.2 | Сите илустрации во учебникот се посебно насловени, визуелно одделени од текстот и логички распоредени во лекцијата. | | 10-20% од илустрациите во учебникот не се посебно насловени, не се визуелно одделени од текстот и/или не се логички распоредени во лекцијата. | |
| | | 5.2.3 | Во сите лекции, прашањата/ активностите за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени. | | Во 10-20% од лекциите, прашањата/ активностите за учениците не се посебно графички обликувани и/или не се логички распоредени. | |
| 5.3 | Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | 5.3.1 | Сите слики и фотографии се со јасна резолуција. | | 10-20% од сликите и фотографиите не се со јасна резолуција. | |
| | | 5.3.2 | Корицата е атрактивна и илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува. | | Корицата илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува, но воопшто не е атрактивна. | |

За подрачјето 5. **ДИЗАЈН**:

- Учебникот сосема ги задоволува барањата доколку просечната оценка изнесува **4,00**.
- Учебникот делумно ги задоволува барањата (и треба да се доработи) доколку просечната оценка изнесува минимум **3,00.**

Оваа Методологија влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

**Министерка за образование и наука,**

**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Бр.18-5577/1**

**10.4.2025 година**

**Скопје**

**Прилог бр.1**

# ОБРАСЦИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА УЧЕБНИКОТ

- **За индивидуално вреднување**
- **За финално вреднување**

## Образец за индивидуално вреднување на учебникот

(го пополнува секој член на рецензентската комисија одделно и независно од другите членови)

Вреднување на приложениот учебник со шифра ________________________________________

по наставниот предмет ________________________________________________________________

за ___________ одд./год. од _____________________________________________ образование

| | | |
|---|---|---|
| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | |
| | **1.1.2** | |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | |
| | **1.2.2** | |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | |
| ***Подрачје 2:*** **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | |
| | **2.1.2** | |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | |
| | **2.2.2** | |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | |
| | **2.3.2** | |
| | **2.3.3** | |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | |
| | **2.4.2** | |
| **Доколку учебникот е релевантен:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат | **2.6.1** | |

| | | |
|---|---|---|
| мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | **2.6.2** | |
| ***Подрачје 3:*** **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 3.1. Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | |
| | **3.1.2** | |
| 3.2. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | |
| | **3.2.2** | |
| | **3.2.3** | |
| | **3.2.4** | |
| | **3.2.5** | |
| | **3.2.6** | |
| 3.3. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | |
| | **3.3.2** | |
| ***Подрачје 4:*** **ЈАЗИК И СТИЛ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 4.1. Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | |
| | **4.1.2** | |
| | **4.1.3** | |
| 4.2 Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | |
| ***Подрачје 3:*** **ДИЗАЈН** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 5.1. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | |
| 5.2. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | |
| | **5.2.2** | |
| | **5.2.3** | |
| 5.3 Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | |
| | **5.3.2** | |

Член на комисија:

Име и презиме: ________________________________________

Потпис: ________________________________________

Дата на потпишување: ____________________

## Образец за финално вреднување на учебникот

(заеднички го пополнуваат сите членови на рецензентска комисија, врз основа на претходно пополнетите обрасци за индивидуално вреднување)

Вреднување на приложениот учебник со шифра ________________________________________

по наставниот предмет ______________________________________________________________

за ___________ одд./год. од ______________________________________________ образование

Просечните поени за секој индикатор (последната колона) се пресметуваат како аритметичка средина од поените доделени од секој член на рецензентската комисија одделно.

Просечната оценка за целото подрачје (односно за соодветните делови од подрачјето) претставува аритметичка средина од добиените просечни поени за сите индикатори вклучени во подрачјето.

Просечните оценки што се добиваат за секое подрачје се толкуваат согласно насоките дадени во деталните табели за вреднување.

| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | |
| | **1.1.2** | |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | |
| | **1.2.2** | |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ**, приложениот ракопис

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **не ги задоволува барањата**

| ***Подрачје 2:* ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | |
| | **2.1.2** | |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | |
| | **2.2.2** | |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | |
| | **2.3.2** | |
| | **2.3.3** | |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | |
| | **2.4.2** | |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.1.1-2.4.2* | | |
| **Доколку учебникот е релевантен за следните индикатори:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | **2.6.1** | |
| | **2.6.2** | |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.5.1-2.6.2* | | |

Во поглед на подрачјето **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ**, учебникот*

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

____________________________________________________________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

*доколку учебникот е релевантен, се земаат предвид индикаторите од 2.1.1 до 2.6.2, а доколку не е, само индикаторите од 2.1.1 до 2.4.2)

| ***Подрачје 3:*** **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 3.1. Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | |
| | **3.1.2** | |
| 3.2. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | |
| | **3.2.2** | |
| | **3.2.3** | |
| | **3.2.4** | |
| | **3.2.5** | |
| | **3.2.6** | |
| 3.3. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги проширувааt и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | |
| | **3.3.2** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

____________________________________________________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

| ***Подрачје 4:*** **ЈАЗИК И СТИЛ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 4.1. Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | |
| | **4.1.2** | |
| | **4.1.3** | |
| 4.2 Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **ЈАЗИК И СТИЛ**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

______________________________________________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 3:* **ДИЗАЈН** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 5.1. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | |
| 5.2. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | |
| | **5.2.2** | |
| | **5.2.3** | |
| 5.3 Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | |
| | **5.3.2** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **ДИЗАЈН**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

______________________________________________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

Врз основа на просечните оценки од вреднувањето на секое подрачје одделно, рецензентската комисија заклучува дека приложениот учебник

☐ сосема ги задоволува барањата

☐ делумно ги задоволува барањата и треба да се доработи за горенаведените индикаторите од следните подрачја:

______________________________________________

☐ не ги задоволува барањата

Членови на рецензентската комисија:

1. ______________________________ ______________
   име и презиме потпис

2. ______________________________ ______________
   име и презиме потпис

3. ______________________________ ______________
   име и презиме потпис

Датум на потпишување : ____________________

**Прилог бр.2**

# ОБРАСЦИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА УЧЕБНИКОТ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК

- **За индивидуално вреднување**
- **За финално вреднување**

## Образец за индивидуално вреднување на учебникот по странски јазик

(го пополнува секој член на рецензентската комисија одделно и независно од другите членови)

Насловот на приложениот учебник за вреднување____________________________________

по наставниот предмет ____________________________________________________________

од авторот/авторите------------------------------------------------------------------------------------------------

за ___________ одд./год. од ____________________________________________ образование

| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | |
| | **1.1.2** | |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | |
| | **1.2.2** | |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | |
| ***Подрачје 2:*** **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | |
| | **2.1.2** | |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | |
| | **2.2.2** | |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | |
| | **2.3.2** | |
| | **2.3.3** | |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | |
| | **2.4.2** | |
| **Доколку учебникот е релевантен:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |

| *Подрачје 3:* **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 3.1. Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | |
| | **3.1.2** | |
| 3.2. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | |
| | **3.2.2** | |
| | **3.2.3** | |
| | **3.2.4** | |
| | **3.2.5** | |
| | **3.2.6** | |
| 3.3. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | |
| | **3.3.2** | |

Член на комисија:

Име и презиме: ________________________________________

Потпис: ________________________________________

Дата на потпишување: ____________________

## Образец за финално вреднување на учебникот по странски јазик

(заеднички го пополнуваат сите членови Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, врз основа на претходно пополнетите обрасци за индивидуално вреднување)

Насловот на приложениот учебник по странски јазик за вреднување ________________________

по наставниот предмет ____________________________________________________________________

од авторот/авторите ____________________________________________________________________

за ____________ одд./год. од ________________________________________________ образование

Просечните поени за секој индикатор (последната колона) се пресметуваат како аритметичка средина од поените доделени од секој член на рецензентската комисија одделно.

Просечната оценка за целото подрачје (односно за соодветните делови од подрачјето) претставува аритметичка средина од добиените просечни поени за сите индикатори вклучени во подрачјето.

Просечните оценки што се добиваат за секое подрачје се толкуваат согласно насоките дадени во деталните табели за вреднување.

| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | |
| | **1.1.2** | |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | |
| | **1.2.2** | |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ,** приложениот ракопис

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 2:* **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | |
| | **2.1.2** | |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | |
| | **2.2.2** | |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | |
| | **2.3.2** | |
| | **2.3.3** | |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | |
| | **2.4.2** | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | |

Во поглед на подрачјето **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **не ги задоволува барањата**

| ***Подрачје 3:*** **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | | |
|---|---|---|---|
| *стандард* | | *индикатор* | *просечни поени* |
| 3.1. | Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | |
| | | **3.1.2** | |
| 3.2. | Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | |
| | | **3.2.2** | |
| | | **3.2.3** | |
| | | **3.2.4** | |
| | | **3.2.5** | |
| | | **3.2.6** | |
| 3.3. | Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | |
| | | **3.3.2** | |
| | | *Просечна оценка за целото подрачје* | |

Во поглед на подрачјето **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **не ги задоволува барањата**

Врз основа на просечните оценки од вреднувањето на секое подрачје одделно, рецензентската комисија заклучува дека приложениот учебник

☐ сосема ги задоволува барањата

☐ не ги задоволува барањата

Членови на Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик:

1. ______________________________ ______________
   име и презиме — потпис

2. ______________________________ ______________
   име и презиме — потпис

3. ______________________________ ______________
   име и презиме — потпис

Датум на потпишување : ____________________